Врз основа на член 36 став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 61/2004 , 96/2004 и 156/09), и член 22 и 70 од Статутот на Општината Битола ("Службен гласник на Општината Битола" број 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата број 35 одржана на 19.06.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Битола за 2019 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Битола за 2019 година ("Службен гласник на Општина Битола" бр.21/2018 ), се врши измена и дополнување на начин што:

Во членот 24а во ставка 464990- Разни трансфери програма А0 средства во висина од 858.526,00 денари за рефундирање на трошоците за превоз на учениците се зголемуваат за 2.000.000,00 денари и вкупниот износ на ставката ќе изнесува 2.858.526,00 денари.

Во набројувањата после оргинални автобуски фискални сметки да се додадат зборовите :

„и оргинални фискални сметки од такси превоз само за училиштата каде што нема редовен автобуски линиски превоз или пак не одговара возниот ред“.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во"Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-77/11
19.06.2019 год
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Битола
Валентин Груевски